Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА | KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-193/2

27-03-2025 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–193/1 од 10.02.2025 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–193/1 од 10.02.2025 година, поднесена од [redacted] од Скопје, **поради ненадлежност.**

### Образложение

На 10.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е поднесена претставка од [redacted] од Скопје. Во два наврати на 5 и на 21 март 2025 година, подносителката на службената адреса за електронска пошта на Комисијата, ја дополни претставката. Подносителката во претставката изнесува околности во врска со преминување на вработени од една во друга внатрешна организациона единица-катедра и дејствија за отпочнување на постапка за избор на раководител на Катедра за безбедносни науки на Факултетот за безбедност - Скопје.

Имено, таа наведува дека неправилно се преземени дејствија од страна на Факултетот во форма на иницијатива за доброволно преминување на членови на Наставно-научниот совет од други Катедри во Катедрата за безбедносни науки и дека таквата иницијатива не била во согласност со Статутот на Факултетот и не е во согласност со содржината на Решение за усогласување на називите и кодните броеви на научно-истражувачки области и распоредување на научни дисциплини. Ова од причини што изборот во области на двајцата колеги кои преку изјави изразиле волја да преминат на Катедрата за безбедности науки не бил во научна област – безбедносни науки. Дополнително наведува дека и со одлуката на Деканот на Факултетот за отпочнување на постапка за избор на раководител на катедрата, биле сторени повеќе повреди на Законот за работни односи, односно наведува дека со тоа била ставена во нееднаква положба врз основа на пол. Според неа целата постапка со преминувањето од една во друга Катедра и изборот на раководител на Катедрата е направена согласно Статут со застарени одредби, односно застарени формулации. Таа наведува дека преземала одредени дејствија во смисла на тоа дека приговарала на Извештајот за избор на Раководител на Катедра за Безбедносни науки и Безбедност во Приватен Сектор. Притоа, истакнува и дека оваа Катедра три години не е во функција.

Кон претставката во копии достави: Предлог на катедри на Факултетот за безбедност – Скопје; Приговор за Извештајот за избор на Раководител на Катедра; Изјави од проф. [redacted]; Решение за Називите и

Кодните броеви на научно-истражувачките области; Одлука за отпочнување на постапка за избор на раководител на катедрата; Барање од [redacted] до Факултетот за безбедност – Скопје за точка на дневен ред; Одлука за формирање на рецензиона комисија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека изнесените околности во претставката укажуваат на настан во врска со примена на одредби од Законот за високото образование и Статутот на Факултетот за безбедност – Скопје. Односно се однесува на постапка за формирање на Катедра и отпочнување постапка за избор на Раководител на Катедра. Комисијата и покрај тоа што подносителката изрично наведува дека врз неа е сторена дискриминација врз основ на пол, утврди дека за конкретниот настан и дејствија се предвидени други постапки во рамки на надлежност на други државни институции.

Согласно членовите 202, 203 и 204 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 154/2019; 178/2021 и 58/2024) , а во врска со законитоста во работењето, општите и поединечните акти на високо-образовната установа, надзор врши министерот за образование и наука. Додека инспекциски надзор согласно член 206 од Законот, врши Државниот просветен инспекторат.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
- [redacted]
*- Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk